Бр. 02-324/3 од 30.01.2025

О Д Л У К А
ЗА ТАРИФА НА НАДОМЕСТОЦИ ЗА УСЛУГИ КОИ ГИ ВРШИ РАЗВОЈНА БАНКА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ (РБСМ)

Јануари 2025

Врз основа на чл. 53 од Статутот на Развојна Банка на Северна Македонија АД Скопје, Надзорниот одбор на банката, ја донесе следната:

ОДЛУКА
ЗА ТАРИФА НА НАДОМЕСТОЦИ ЗА УСЛУГИ КОИ ГИ ВРШИ РАЗВОЈНА БАНКА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ (РБСМ)

Член 1

Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје, за услугите кои ги врши во своето работење, наплатува надоместок по одредбите на оваа Тарифа и тоа:

А.КРЕДИТИ И ГАРАНЦИИ

Р.Б.	ВИД НА УСЛУГА	ТАРИФА
1	*2*	*3*
1	*Кредити за развој на МСТД-сопствени извори*	
	Провизија за предвремено враќање-на вкупниот износ на кредитот *За старите договори со БУ за кои не е потпишан анекс важат провизиите утврдени со рамковните договори*.	0,125%
2	*Кредити за трајни обртни средства-сопствени извори*	
	Провизија за предвремено враќање- на вкупниот износ на кредитот *За старите договори со БУ за кои не е потпишан анекс важат провизиите утврдени со рамковните договори*.	0,125%
3	*Кредитна линија за финансирање на инвестиции и развојот на приватните трговски друштва*	
	Надомест за управување	0,05% годишно од износот на салдото на побарувања кон банките учеснички, односно кредитната изложеност на крајот на секоја година, но не повеќе од 125.000 евра
4	*KfW микрокредитна линија*	
	Провизија за неповлечени средства од страна на банките учеснички (commitment fee). Се пресметува на износот на неповлечени средства за периодот по истекот на 8 (осум) дена од денот на потпишување на договорот за кредит до денот на целосно повлекување на износот на кредитот	0,5% на годишно ниво на неповлечениот износ
5	*Кредитни линии преку директно кредитирање-сопствени извори*	
	Провизија за управување за кредити со рок на отплата до 3 години	До 1% (еднократно)

	Висината на провизијата во распон до 1% (еднократно), ја утврдува надлежното кредитно тело на предлог на Секторот за кредитирање и комисиони работи	
	Провизија за управување за кредити со рок на отплата над 3 години *Висината на провизијата во распон до 1,5% (еднократно) ја утврдува надлежното кредитно тело на предлог на Секторот за кредитирање и комисиони работи*	До 1,5% (еднократно)
6	*Гаранции од сопствени извори (царински гаранции при увоз за облагородување)*	
	Провизија за управување	0,8% годишно (квартално по ¼ од годишната провизија)
7	*Кредити по рамковни договори за учество во програмата за кредитирање на развојот на микро, мали и средни претпријатија, поддршка на извозот и за обртни средства (нов договор за МСП 2014-20)*	
	Провизија за предвремено враќање, пресметана на предвреме вратениот износ (оваа провизија не се пресметува за репласиран или реалоциран износ)	0,125%
8	*Кредити за проекти за дигитализација и дигитална трансформација, за енергетска ефикасност (ЕЕ) и обновливи извори на енергија (ОИЕ)*	
	Провизија за предвремено враќање, пресметана на предвреме вратениот износ (оваа провизија не се пресметува за репласиран или реалоциран износ)	0,125%
9	*Кредитни линии од ЕИБ и АФД*	
	Провизија за предвремено враќање, пресметана на предвреме вратениот износ (оваа провизија не се пресметува за репласиран или реалоциран износ)	3%

Б. ФАКТОРИНГ

1	Провизија за управување за откупени побарувања	0,25% (еднократно)
2	Провизија за управување за откупени побарувања над 3.500.000 ЕУР	0,13 % (еднократно)

В. ОСИГУРУВАЊЕ НА ПОБАРУВАЊА

1	*Обработка на образецот* *“Апликација за кредитен лимит”* *(фиксен трошок по купувач)*	
	Оценка на бонитет на странски купувачи	55 ЕУР во денарска противвредност за доставени над 5 апликации во исто време 50 ЕУР во денарска противвредност

		за доставени над 50 апликации во исто време 28 ЕУР во денарска противвредност Одборот за осигурување може да одобрува и пониски надоместоци за оценка на бонитети од погоре утврдените
	Брза оценка на бонитет на странски купувачи	100 ЕУР во денарска противвредност
	Оценка на бонитет на домашни купувачи, фирма	1.800 МКД за доставени над 5 апликации во исто време 1.500 МКД
2	*Оценка на бонитет на домашна фирма по барање на странско правно лице*	
	Извештај кој содржи само финансиски показатели * за нарачки над 50 извештаи во една година се одобрува 10 % попуст	50 ЕУР во денарска противвредност
	Информација за новооснована фирма или фирма во стечај	50 ЕУР во денарска противвредност
3	*Мислсење за кредитоспособност на купувач (странски или домашен) по барање на клиент кој нема да користи осигурување на побарувањат*а	90 ЕУР во денарска противвредност
4	*Оценка на бонитет на купувачи лоцирани во Африка, Азија и Јужна Америка- на податоци добиени од странски институции по барање на домашна фирма*	80 ЕУР во денарска противвредност за оценка на бонитет 100 ЕУР во денарска противвредност за брза оценка на бонитет
5	*Премиски стапки за осигурување од комерцијални и политички ризици на краток рок(извозно и домашно)*	1а, 1б, 2, 3а, 3б, 4, 5,6 и 7

- Пресметка на премиските стапки во делот осигурување на побарувања, точка 5 се врши со помош на следните табели и појаснувања:

	Премиски стапки за осигурување на побарувања од комерцијални и политички ризици на краток рок (извозно и домашно осигурување)	табела 1а, 1б, 2, 3а, 3б , 4, 5, 6 и 7

Во табелата 1а и 1б се прикажани основните премиски стапки за осигурување на извоз од комерцијални ризици на краток рок (на отворено и со одредено обезбедување), кога

осигуреникот осигурува ***<u>најмалку</u> <u>пет</u> <u>купувачи во три земји,</u>*** односно постои дисперзија на ризикот.

	Извозно осигурување од комерцијални ризици на отворено - табела 1а					
Земја	**Плаќање со врачување на документи**	**30 дена**	**90 дена**	**180 дена**	**270 дена**	**360 дена**
А	0,23	0,24	0,30	0,38	0,45	0,53
Б	0,29	0,27	0,32	0,39	0,47	0,54
В	0,41	0,33	0,4	0,50	0,6	0,70
Г	0,72	0,41	0,5	0,63	0,76	0,9

	Извозно осигурување од комерцијални ризици со обезбедување (акредитив, банкарскагаранција) - табела 1.б				
Земја	**30 дена**	**90 дена**	**180 дена**	**270 дена**	**360 дена**
А	0,12	0,14	0,18	0,21	0,25
Б	0,17	0,20	0,24	0,29	0,34
В	0,26	0,32	0,39	0,47	0,54
Г	0,37	0,45	0,57	0,68	0,80

Во случај кога осигуреникот осигурува помалку од 5 купувачи лоцирани во три земји, се користи методологија за премиски стапки за осигурување на побарувања без дисперзија на ризик во која се прикажани соодветни максимални процентни зголемувања на основните премиски стапки наведни во табелите 1а и 1б.. Овие максимални процентни зголемувања на основните премиски стапки се прикажани во табела 2.

-Извозно осигурување - табела 2		
-Сите купувачи во иста земја	Премиските стапки за извоз од табела 1а плус	
	А	до 25% зголемување
	Б	до 30% зголемување
	В	до 35% зголемување
	Г	до 45%зголемување
-Повеќе од пет купувачи но лоцирани во помалку од три земји	Премиските стапки за извоз од табела 1а плус зголемување до 30%	

-Три купувачи лоцирани во три земји **-Четири купувачи лоцирани во четири земји**		
-Еден купувач		Премиските стапки за извоз од табела 1а, плус зголемување :
	А	до 30% зголемување
	Б	до 35% зголемување
	В	до 40% зголемување
	Г	до 50% зголемување

Во табелата 3а и 3б се прикажани основните премиски стапки за осигурување на извоз од некомерцијални/политички ризици на краток рок (на отворено), кога осигуреникот осигурува ***најмалку пет купувачи во три земји,*** односно постои дисперзија на ризикот.

Извозно осигурување од политички ризици на отворено - табела 3а						
Земја	**Плаќање со врачување на документи**	**30 дена**	**90 дена**	**180 дена**	**270 дена**	**360 дена**
А	0.03	0.02	0.02	0.02	0.03	0.03
Б	0.12	0.14	0.17	0.22	0.32	0.37
В	0.44	0.34	0.50	0.51	0.61	0.72
Г	0.84	0.65	0.65	1.00	1.21	1.43

Извозно осигурување од политички ризици со обезбедување (акредитив, банкарска гаранција)- табела 3б					
Земја	**30 дена**	**90 дена**	**180 дена**	**270 дена**	**360 дена**
А	0.01	0.01	0.01	0.01	0.01
Б	0.08	0.10	0.13	0.19	0.22
В	0.26	0.38	0.38	0.46	0.54
Г	0.59	0.59	0.90	1.09	1.29

Во табелата 4а и 4б се прикажани основните премиски стапки за осигурување на домашните побарувања од комерцијални ризици на краток рок (на отворено/одложено плаќање и со одредено обезбедување), кога осигуреникот осигурува *најмалку пет купувачи во Македонија,* односно постои дисперзија на ризикот.

	Домашно осигурување од комерцијални ризици на отворено/одложено плаќање - табела 4а					
Ранги рање на земја	**Плаќање со врачување на документи**	**30 дена**	**90 дена**	**180 дена**	**270 дена**	**360 дена**
Северна Македо-нија B	0,41	0,33	0,4	0,50	0,6	0,70

	Домашно осигурување од комерцијални ризици - со обезбедување (акредитив, банкарска гаранција) - табела 4б				
Земји	**30 дена**	**90 дена**	**180 дена**	**270 дена**	**360 дена**
Северна Македонија- B	0,26	0,32	0,39	0,47	0,54

Во случај кога осигуреникот осигурува домашни побарувања и нема дисперзија на ризик, односно осигуреникот не осигурува најмалку 5 купувачи во Македонија, тогаш ќе се применуваат основните премиски стапки наведени во основните табели (4а, 4б) на кои се додаваат одредени максимални процентни зголемувања наведени во табела 5.

Домашно осигурување - табела 5	
Помалку од пет купувачи	Премиски стапки за домашно осигурување од табела 4а, плус зголемување до 35%

Доколку осигуреникот осигурува домашни и извозни побарувања од пет купувачи, од комерцијални и некомерцијални ризици, се утврдува основна премиска стапка, зависно во која земја се наоѓа купувачот и од кој ризик сака да се осигура, согласно табелите 1(а,б), 3(а,б) и 4(а,б).

Доколку осигуреникот осигурува и домашни и извозни побарувања кај помалку од пет купувачи, на основната премиска стапка се додава максимално процентно зголемување наведено во табела 6.

Комбинација од извозно и домашно осигурување-табела 6	
Ако се осигурува помалку од пет купувачи	Премиски стапки за домашно осигурување од табела 4а, плус зголемување до 20%

Осигурување пред испорака од отворање на стечај врз купувачот (комерцијален ризик)-табела 7

Земја	До 3 месеци	До 6 месеци
А	**0,13%**	**0,26%**
Б	**0,27%**	**0,54%**
В	**0,47%**	**0,94%**
Г	**0,92%**	**1,84%**

Во основните табели 1(а,б), 3(а,б) и 4(а,б) се наведени основните премиски стапки за одреден рок на плаќање. Кои премиски стапки ќе се применуваат зависи од земјата каде се лоцирани купува**ч**ите, рокот на плаќање, бројот на купувачите кои се осигуруваат во РБСМ:

- Кога осигуреникот сака да осигура побарувања во износ < 5 мил. ЕУР и има дисперзија на ризикот (осигурува најмалку 5 купувачи лоцирани во три земји), тогаш ќе се применуваат основните премиски стапки наведени во основните табели 1(а,б), 3(а,б) и 4(а,б) . Доколку осигуреникот осигурува *најмалку 10 купувачи во 5 земји,* односно постои солидна дисперзија на ризикот, се применува дополнително 5% намалување на премиските стапки.

- Кога осигуреникот сака да осигура побарувања во износ > 5 мил. ЕУР< 10 мил. ЕУР и има дисперзија на ризикот (осигурува најмалку 5 купувачи лоцирани во три земји), тогаш ќе се применуваат основните премиски стапки наведени во основните табели 1(а,б), 3(а,б) и 4(а,б) намалени за 5%. Доколку осигуреникот осигурува *најмалку 10 купувачи во 5 земји,* односно постои солидна дисперзија на ризикот, се применува дополнително 5% намалување на премиските стапки.

- Кога осигуреникот сака да осигура побарувања во износ > 10 мил. ЕУР<15 мил. ЕУР и има дисперзија на ризикот(осигурува најмалку 5 купувачи лоцирани во три земји), тогаш ќе се применуваат основните премиски стапки наведени во основните табели 1(а,б), 3(а,б) и 4(а,б) намалени за 10%. Доколку осигуреникот осигурува *најмалку 10 купувачи во 5 земји,* односно постои солидна дисперзија на ризикот, се применува дополнително 5% намалување на премиските стапки.

-Кога осигуреникот сака да осигура побарувања во износ > 15 мил. < ЕУР 20 мил. ЕУР и има дисперзија на ризикот(осигурува најмалку 5 купувачи лоцирани во три земји), тогаш ќе се применуваат основните премиски стапки наведени во основните табели 1(а,б), 3(а,б) и 4(а,б) намалени за 15%. Доколку осигуреникот осигурува *најмалку 10 купувачи во 5 земји,* односно постои солидна дисперзија на ризикот, се применува дополнително 5% намалување на премиските стапки.

-Кога осигуреникот сака да осигура побарувања во износ > 20 мил. ЕУР и има дисперзија на ризикот(осигурува најмалку 5 купувачи лоцирани во три земји), тогаш ќе се

применуваат основните премиски стапки наведени во основните табели 1(а,б), 3(а,б) и 4(а,б) намалени за 20%. Доколку осигуреникот осигурува *најмалку 10 купувачи во 5 земји,* односно постои солидна дисперзија на ризикот, се применува дополнително 5% намалување на премиските стапки.

- Кога осигуреникот сака да осигура побарувања во износ > 30 мил. ЕУР и има дисперзија на ризикот(осигурува најмалку 5 купувачи лоцирани во три земји), тогаш ќе се применуваат основните премиски стапки наведени во основните табели 1(а,б), 3(а,б) и 4(а,б) намалени за 25%. Доколку осигуреникот осигурува *најмалку 10 купувачи во 5 земји,* односно постои солидна дисперзија на ризикот, се применува дополнително 5% намалување на премиските стапки. Во случај осигуреникот да осигурува *најмалку 20 купувачи во 8 земји*, се применува дополнително 10% намалување на премиските стапки.

- Кога осигуреникот сака да осигура побарувања во износ > 40 мил. ЕУР и има дисперзија на ризикот(осигурува најмалку 5 купувачи лоцирани во три земји), тогаш ќе се применуваат основните премиски стапки наведени во основните табели 1(а,б), 3(а,б) и 4(а,б) намалени за 35%. Доколку осигуреникот осигурува *најмалку 10 купувачи во 5 земји,* односно постои солидна дисперзија на ризикот, се применува дополнително 5% намалување на премиските стапки. Во случај осигуреникот да осигурува *најмалку 20 купувачи во 8 земји*, се применува дополнително 10% намалување на премиските стапки.

- Кога осигуреникот сака да осигура побарувања во износ > 50 мил. ЕУР и има дисперзија на ризикот(осигурува најмалку 5 купувачи лоцирани во три земји), тогаш ќе се применуваат основните премиски стапки наведени во основните табели 1(а,б), 3(а,б) и 4(а,б) намалени за 40%. Доколку осигуреникот осигурува *најмалку 10 купувачи во 5 земји,* односно постои солидна дисперзија на ризикот, се применува дополнително 5% намалување на премиските стапки. Во случај осигуреникот да осигурува *најмалку 20 купувачи во 8 земји*, се применува дополнително 10% намалување на премиските стапки.

- Кога осигуреникот сака да осигура побарувања во износ > 60 мил. ЕУР и има дисперзија на ризикот (осигурува најмалку 5 купувачи лоцирани во три земји), тогаш ќе се применуваат основните премиски стапки наведени во основните табели 1(а,б), 3(а,б) и 4(а,б) намалени за 50%. Доколку осигуреникот осигурува *најмалку 10 купувачи во 5 земји,* односно постои солидна дисперзија на ризикот, се применува дополнително 5% намалување на премиските стапки. Во случај осигуреникот да осигурува *најмалку 30 купувачи во 10 земји*, се применува дополнително 15% намалување на премиските стапки.

Член 2

Во случај кога осигуреникот осигурува продажби во неколку земји или продажби кон повеќе купувачи, Одборот за осигурување може да одобри единствена просечна пондерирана премиска стапка на предлог од Секторот за кредитно осигурување.

Кредитниот одбор може да одобрува и повисоки премиски стапки од предвидените премиски стапки согласно Одлуката за тарифаза надоместоци за услуги кои ги врши Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје.

Кредитниот одбор на предлог на Секторот за кредитно осигурување утврдува одредени процентни зголемувања на основните премиски стапки кои се прикажани во табела 2 и табела 5.

Доколку Банката има две последователни години со негативен финансиски резулатат, (банката исплатила повисока сума за штети во однос на наплатена премија од осигуреникот) со одреден клиент/осигуреник, во тој случај Банката не може да понуди пониски премиски стапки, односно ќе се применуваат основните премиски стапки наведени во основните табели 1(а,б), 3(а,б) и 4(а,б).

Кредитниот одбор може да одобрува пониски премиски стапки за одредени рокови на плаќање наведени во основните табели за премиски стапки согласно Одлуката за тарифа за надоместоци за услугите што ги врши Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје, во случај кога осигуреникот користи извозен факторинг.

Член 3

Сите премиски стапки за одредени случаи што не се предвидени во методологијата за премиски стапки за осигурување на побарувања, ги потврдува, односно одобрува Одборот за осигурување на предлог од Секторот за кредитно осигурување.

Покрај надоместоците за осигурување на извозот предвидени со оваа тарифа, РБСМ може да наплати и стварни трошоци кои ги имала при извршувањето на услугите, односно во случај на започнување на процедура по основ поднесено барање за наплата на штета од страна на осигурениците.

За комисионите работи кои РБСМ ги врши во име и за сметка на Република Северна Македонија, вклучително и за гарантниот фонд, висината на надоместокот се утврдува согласно договорот склучен со налогодавачот.

За одредени клиенти кои активно одржуваат деловни активности со РБСМ во доменот на кредитното осигурување, РБСМ може да предвиди намалување на конкретните надоместоци, за кои со посебна одлука би одлучил надлежниот орган на предлог на Секторот за кредитно осигурување.

За одделни работи што ги врши РБСМ, а кои не се предвидени во оваа Тарифа, висината на надоместокот се утврдува договорно меѓу РБСМ и комитентите.

Надоместоците, по правило, се наплатуваат од оној на кој му се врши услугата, ако со договорот не е поинаку предвидено.

Надзорниот одбор на Банката врши измени во Тарифата во случај на промена на определени претпоставки за нивно дефинирање, прифаќање на меѓубанкарски спогодби со кои се регулира висината на определени надоместоци, и во случај на усогласување со тарифите на другите деловни банки.

Надоместоците за услугите по сите работи со странство кои Банката ги врши за корисниците во земјата се пресметуваат во денари, по среден курс кој важи на денот на пресметката.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила и се применува од денот на нејзиното донесување. Со оваа Одлука се става вон сила Одлуката за Тарифа на надоместоци за услуги кои ги врши РБСМ заведена под бр. 02-4420/5 од 15.11.2023 година.

НАДЗОРЕН ОДБОР
Претседател

Магдалена Симоновска